# Република Северна Македонија
# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр. 08-334/1
09.02 2026 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр.05/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/2024),член 17-а,17-б,17,в,17-г,17-д,17-ѓ и член 26 од Законот за јавните претпријатија(Редакциски пречистен текст: Сл весник на РСМ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003.....39/2016, 64/2018 , 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022, 208/2024,193/2025) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(Сл.весник на РСМ бр.213/2024) на предлог на Градоначалникот ,Советот на општина Босилово објавува:

**Јавен повик за избор на 3(три)**
**члена на Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово**

**1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на јавниот повик е спроведување на постапка за избор на 3(три) члена на Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово,со седиште с.Босилово бб,општина Босилово.

Постапката за избор ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(Сл.весник на РСМ бр.213/2024).

**Шифра на дејност на претпријатието:** 36.00 - Собирање,обработка и снабдување со вода
**Шифра на дејности во внатрешниот промет:** 43.21 - Електроинсталаторски работи

**2.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Право на учество на повикот имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на web страната на општина Босилово **opstinabosilovo.gov.mk** и **на огласната табла на ЈПКД"Огражден"Босилово.**

**3.УСЛОВИ КОИ КАНДИДАТИТЕ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Потребни услови кои кандидатите треба да ги исполнуваат:

**- Да е државјанин на Република Северна Македонија,**

**- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки,економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие ,и**

**- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.**

Освен овие услови, кандидатите потребно е да имаат и работно искуство :

- **Еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку 5 години работно искуство;**
- **Еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку 5 години работно искуство во областа на финансиското работење,и**
- **Најмалку еден член на Надзорен одбор треба да има најмалку 5 години работно искуство во областа на правните работи.**

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува 4(четири) години, со право на уште еден последователен мандат.

**4.РАБОТНИ ЗАДАЧИ,ОДГОВОРНОСТИ,ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**

Заради вршење на работите на контрола Надзорниот одбор може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие.

Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седница на Управниот одбор и нив им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење,годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор за контрола.

Надзорниот одбор може да дава одобрение на актите донесени од Управниот одбор, доколку тоа е утврдено со Статутот на јавното претпријатие.

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, Надзорниот одбор му го доставува на министерот за финансии.

Во извештајот до министерот за финансии, Надзорниот одбор го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола.

Надзорниот одбор копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на јавното претпријатие.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на која присуствуваат имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

**5.НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово се:

**-Уверение за државјанство на Република Северна Македонија;**

**-Уверение или диплома за завршено високо образование или стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие ,**

**-Потврда дека со правосилна судска одлука не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност,**

Република Северна Македонија
**Општина Босилово**

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**-Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,**
**-Изјава заверена кај Нотар дека кандидатот под целосна морална,материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,**
**-Кратка биографија**

**6.ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ**
Постапката за селекција на членовите на Надзорниот одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово се состои од две фази:
**Фаза 1** –административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија ,како и за доставените докази и се врши нивно бодување)и

**Фаза 2** –Интервју (фаза во која преку стручни и ситуациони прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата,прашања за неговото претходно работно искуство,очекувањата на кандидатот и слично)

Точниот датум,време и место на одржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на општина Босилово: www.opstinabosilovo.gov.mk.

**7.РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**
Јавниот повик ќе се објави на ден **10.02.2026 година(вторник) и ќе трае 10 работни денови сметано од денот на објавување на јавниот повик на веб страната на општина Босилово и на огласната табла на ЈПКД"Огражден"Босилово.**
**Краен рок: 23.02.2026 година( понеделник).**

Кандидатите Пријавата со потребната документација да ја достават во Архивот на општина Босилово, со адреса с.Босилово бб,општина Босилово со ознака **" За Јавен повик за именување на членови на Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово"**,секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот.
Незадоволните кандидати од изборот на членови на Надзорен одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**НАПОМЕНА:Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

**Совет на општина Босилово**
**Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски**

Република Северна Македонија
Општина Босилово
Босилово